# FOREVER

MACEDONIA

Март 2018 | Број 197
















# Го сееме семето на иновациите

**Моќта на една идеја може да биде застрашувачки голема. Понекогаш дури и најголемата идеја може да нѝ се чини поголема од животот и последиците од нејзиниот успех може да бидат огромни. Ако успеам, што тогаш?**

Моќта на една идеја може да биде застрашувачки голема. Понекогаш дури и најголемата идеја може да нѝ се чини поголема од животот и последиците од нејзиниот успех може да бидат огромни. Ако успеам, што тогаш?

Има една приказна за земјоделец и неговите два сина, за која во последно време размислував во врска со иновациите во Форевер. Откако влеговме во годината на нашиот 40-ти јубилеј, година која ќе биде одбележана со многубројни иновации кај производите и бизнисот, размислувам за оваа приказна и како таа може да му помогне на Форевер да продолжи да напредува и во идните 40 години.

Еден ден еден земјоделец им донел дома шака семиња на синовите и побарал од нив секој многу внимателно да си избере по едно семе. Првиот – поголемиот син си избрал убаво семе. Тоа било совршено обликувано, темно и сјајно. По реакцијата на таткото, брзо разбрал дека изборот му е многу добар.



Вториот син бавно ги разгледал семенцата, си избрал едно сосем обично и погледнал во таткото со израз на гордост. Неговото семе може и да не било така совршено како тоа на брат му, но бил сигурен дека е добро.

Секое од момчињата го зело своето семе и започнале да кројат планови за претстојната сезона. Поголемиот син го зел сјајното, убаво семе и го покажал на целиот град. Луѓето надолго и нашироко му се восхитувале и го поздравувале што избрал семе со толку очигледен квалитет и вредност. Помалиот син едноставно го посеал своето семе во земјата. Секој ден го поливал и се грижел за него.

Наесен земјоделецот ги поканил двата сина да дојдат со него на пазарот. Поголемиот го ставил семето во џебот, за да провери колку ќе чини. Помалиот ја донел големата лубеница која ја одгледал од своето семе и продал половина со добра печалба. Ја расекол другата половина, за да ги извади семките. Ги продал половината од нив и ги однел останатите во својата градина за да си посади уште лубеници. Брат му го продал своето семе за жолти стотинки.

Помалиот син и неговата приказна носи интересна поука. Секоја иновација започнува како идеја или семе. Ако ја оставиме да се развие, таа може да се претвори во нешто неверојатно вредно и да доведе до голем напредок и уште одлични идеи и т.н. Неодамна го објавивме воведувањето на нови политики поврзани со бонусот „Скапоцени камења", Менаџери ОРЕЛ „Скапоцени камења" и издигнувањето до ниво Менаџер за кои сметам дека ќе бидат голем чекор за нашата иднина. Овие иновации не се случија преку ноќ, за нив долго размислуваа нашите лидери трудејќи сѐ да разберат што е најдобро за иднината на нашите сопственици на бизнис.

Трансформацијата на една идеја во нешто вредно не е брз и едноставен процес. Потребно е време, енергија, грижа и поддршка од луѓето наоколу. Може и да е малку застрашувачко, но вреди. Затоа, држете го курсот и фокусирајте сѐ на напредокот. Ние сме на брза патека кон возбудлива иднина!

Како што ние работиме во духот на иноваторството и го усовршуваме Форевер, така ве охрабрувам и вас да сте отворени кон развојот на вашиот бизнис. Исто така треба да одлучите како ќе се однесувате кон семето на иновациите во вашиот бизнис. Дали ќе им дадете можност да се развијат во нешто плодотворно, или ќе лежите на вашите ловорики и нема да ги оправдате очекувањата?

Продолжете да се насмевнувате,



**Gregg Maughan**

Претседател на Форевер Ливинг Продактс



# Луѓето на прво место

## Американскиот бизнисмен Харви Фајерстоун некогаш кажал: „Само кога им помагаме на другите да се развиваат, постигнуваме траен успех.“

Горд сум што тоа е еден од основните принципи на кои е изградена Форевер. Веќе 40 години вие сте ја прифатиле оваа идеја и сте ѝ вдахнале живот, помагајќи на мнозина во светот да ги реализираат и да ги живеат своите соништа.

Ја имаме истата идеја во нашите глобални настани. Затоа се обраќаме кон нашиот Глобален лидерски тим и водечките сопственици на бизнис со молба да ги споделат нивните обуки и филозофијата со вас. Ве собираме за да прославиме, да учиме и да доживееме нови авантури и така да ви изразиме признание, да ве наградиме за напорната работа преку целата година и да продолжиме да го развиваме вашиот успех.

Многу од моите најубави спомени се како ги добивате Chairman's Bonus чековите, си аплаудирате взаемно, зборувате со ентузијазам за вашиот бизнис и накратко кажано, заедно се забавувате. Кога разбрав дека некои од вас не можеле да присуствуваат на минатите настани поради визните ограничувања, бев неверојатно разочаран.

**„Не сакав повторно да слушнам дека некој ќе го пропушти доживувањето, за кое сте се труделе толку напорно“.**

Го замолив раководниот тим на Форевер да најде решение. Не сакав повторно да слушнам дека некој ќе го пропушти доживувањето за кое сте се труделе толку напорно. Требаше да најдеме начин да се поправи ова и да се потрудиме сите кои работите за програмите за стимулирање да бидете наградени со нешто посебно. Нема ништо потажно од тоа да се квалификуваш за возбудливо патување и да разбереш дека не можеш да учествуваш на него поради околности што се надвор од твоја контрола.

Така се роди идејата за втора средба на Менаџерите ОРЕЛ во Патаја, Тајланд.

Посветените лидери и раководниот тим на Форевер одлучија да додадеме трет глобален настан во нашиот календар оваа година за сите квалификувани за Глобално рели 2018 во Далас и за средбата на Менаџерите ОРЕЛ во Феникс, кои не можат да присуствуваат поради визните ограничувања.
Како што можете да си претставите, организирањето и планирањето на два глобални настани за илјадници сопственици на Форевер бизнис е амбициозен потфат. И покрај обемот на работа, инвестициите и брзото планирање што ќе бидат потребни, имаме огромна желба да направиме сè за да ви понудиме искуство какво што заслужувате.



Ви благодариме за сè што правите и знајте дека многу ве цениме. Знам дека ова ќе ве направи уште посилни СФБ и дека вашите бизниси ќе продолжат да процветуваат, давајќи ви можност да продолжувате да помагате за развојот на многу други луѓе околу вас. Продолжете да работите напорно секој ден, а ние ќе се грижиме вашиот труд секогаш да биде соодветно награден.

**Засекогаш ваш,**



**Rex Maughan**

Главен извршен директор на ФЛП




# Forever Aloe Berry Nectar

## Нектар од алое вера и брусница

### ОПИС И СВОЈСТВА

Нектарот од алое и брусница ги содржи сите витамини, минерали, аминокиселини и ензими што ги има и во Aloe Vera Gel, плус корисните својства на брусницата и јаболкото. Нектарот со алое и брусници содржи 90,2% чист стабилизиран гел од алое во совршена комбинација со додадените состојки.

Брусниците се многу богат извор на витамин Ц и од почетокот на XIX век наоѓаат широка примена кај морепловците кои патувале на долги релации, за спречување на скорбут, болест која се појавува при недостиг на витамин Ц. Индијанците ги користеле брусниците како лекарство и се до денес тие се познати како средство за прочистување на организмот, а најголемо влијание имаат врз бубрезите. Според истражувањата направени врз корисните својства на брусницата, спроведени од Американската медицинска асоцијација, едно од основните својства е дека ја намалуваат веројатноста од развивање на силни инфекции во уринарниот тракт. Во извештај од поново време се обрнува внимание на брусницата како добро средство за профилактика кај луѓе кои страдаат од хроничен циститит. Ова овошје содржи и пикногенол - моќен антиоксидант кој има клучна улога за одржување на колагенот во кожата.

Сокот од јаболко е познат по својата содржина на витамините А и Ц, како и калиум и пектин. Неговиот сладок вкус му дава пријатна арома на Нектарот со алое и брусница.

Аромите од брусници и јаболко се целосно природни и се должат на мешавина од свеж сок од брусници и слатки, зрели јаболка. Додадовме само фруктоза (природен овошен шеќер) за да постигнеме пријатен вкус, допадлив за возрасните и децата.




### СОСТАВ

Стабилизиран гел од алое вера, фруктоза, концентриран природен сок од брусници и јаболки, сорбитол, аскорбинска киселина, лимонска киселина, натриев бензоат, ксантанова смола, токоферол (витамин Е).

### ПРЕПОРАЧАНА УПОТРЕБА

Протресете добро. Консумирајте по 60-120 мл секој ден.

# Дали направивте нешто за вашиот бизнис денес?



СТЕФАН И ТАЊА СТАЕВИ

*Почитувани сопственици на Форевер бизнис, драги пријатели,*

Дали зборувавте денес најмалку со еден човек за можностите за градење на сопствен бизнис со Форевер? А најмалку со еден за бенефициите од употребата на производите? Дали направивте најмалку една Стартна обука на ваш соработник со прирачникот „Први чекори до Менаџер" оваа седмица?

Ако сè уште не сте, направете го тоа веднаш! Ако овие активности сè уште не се претворени во ваша навика, немате претстава колку многу пропуштате...

- Да поставите стабилна основа на својот Форевер бизнис, бидејќи не сте активни со 4 б.
- Да се издигнете до ново ниво во Маркетинг планот на Форевер, што од своја страна ќе ви даде можност да ги зголемите вашите доходи и да го направите следниот чекор кон промена во вашиот живот.
- Да имате корист од еден од многубројните начини за да заработите, согласно компензациониот план на Форевер.
- Да се квалификувате за атрактивно патување.
- Да се квалификувате за програмата Forever2Drive, со чија помош можете да си купите нов автомобил.
- Да си создадете постојано растечки пасивен доход, со кој можете да станете финансиски независни и да се погрижите на најдобриот начин за себе, за семејството и за луѓето околу вас.

Да станете финансиски независни значи да започнете да ја контролирате сопствената судбина. Тогаш речиси сè што ќе посакате, ќе биде достижно. Ако со тоа што сте го правеле до моментот не ги реализирате посакуваните цели, Форевер Ливинг Продактс ви дава можност да го промените својот живот. Немате што да изгубите.

Зборувајте со луѓето за бизнисот! Зборувајте со луѓето за производите! Веднаш обучувајте ги новите соработници и помагајте им да се развиваат во Маркетинг планот!

Бидете активни со 4 б. секој месец, учете и истото барајте го од мрежата!

Напорите што ги правите секој ден во својот Форевер бизнис за да изградите функционална мрежа од партнери, ќе ви се исплатат повеќекратно во форма на посакуваните доходи и време со кое слободно ќе управувате, за да можете со семејството и пријателите да правите сè што сакате, и кога сакате!

Форевер предлага достапен за секого систем за градење на сопствен бизнис со дарежлив и праведен компензационен план. Земете од него сè што можете, и не се задоволувајте само со мал дел!

**Зборувајте со повеќе луѓе!**



*(Секоја сличност со нашето обраќање од минатиот месец* **НЕ Е случајна!***)*

Со љубов и секогаш со Вас,
**Стефан и Тања Стаеви**







# Ајде да се обидеме заедно!

# Зошто јас станав дел од големото семејство на Форевер?



Е,тоа е поради здравствени причини. За среќа, не големи и сериозни, но, сепак во тој период имавме потреба да „работиме“ на здравствената состојба кај секој од нас во семејството.

Но, зошто јас се одлучив да работам и да напредувам? Е, тоа е поради потребата и желбата за промена во животот, промена на моето секојдневие бидејќи јас бев невработено лице. Кога станав сопственик на Форевер бизнис, воопшто не помислував за работа и за бизнис, тоа беше многу далеку од мене.Но, кога за прв пат присуствував на настанот „Ден на успех“, сè што видов и слушнав многу ми се допадна и токму тогаш во мене се роди желбата за позитивна промена во животот. Во тој момент почувствував голема еуфорија, убава атмосфера, видов многу насмеани и среќни лица кои што беа наградени со признанија за постигнат успех.Сето тоа ме воодушеви и ме остави без текст и токму тогаш се роди желбата за работа и успех. Оттогаш всушност почнав да сонувам дека еден ден и јас ќе станам менаџер во компанијата. И, еве после две години јас го живеам тој сон. Среќна сум за постигнатиот успех и за титулата што ја стекнав, тоа многу ми значи. Но, морам да кажам и да потенцирам дека успехот не е само мој, туку тој се должи на големата подршка на моето семејство, на добрата соработка и подршката што ја добивам од моите соработници, од целиот мој тим вклучувајќи ја тука и мојата менторка Вера Златковска на која што сум и посебно благодарна.

Што се промени кај мене и што добив откако сум дел од компанијата? Морам веднаш да кажам дека многу нешта се променија во мојот живот почнувајќи од здравствената состојба кај секој од нас во семејството, се промени стилот на живеење, се промени мојот статус на невработено лице. Сега моето секојдневие е многу поразлично од порано, сега веќе работам, заработувам и се чувствувам финансиски независна. Се чувствувам исполнета и задоволна со себе. Форевер ми помогна во тоа. Овде ја пронајдов работата што ја сакам и што ме исполнува. Во овој момент, сакам да им порачам на сопствениците на Форевер бизнис да работат и да веруваат во себе, да ги следат чекорите и советите на нивните успешни ментори, зашто тие најдобро ги знаат формулата и патот до успехот.

**Македонка Петровска**

## SUCCESS DAY 28.01.2018









































# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ЈАНУАРИ 2018 ГОДИНА

## СУПЕРВИЗОРИ



1. Амити Линдита
2. Сулејмани Бејтуле

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ



1. Абдулаху Селвије – Куманово
2. Адеми Суела – Куманово
3. Аговска Маја – Скопје
4. Алии Зејние – Скопје
5. Атанасовски Томислав – Скопје
6. Бајрами Меџаит – Куманово
7. Беса Џелили – Гостивар
8. Вејиќ Маја – Скопје
9. Влади Исмаил – Тетово
10. Гаица Ивана – Скопје
11. Гелевски Радомир – Куманово
12. Ѓулфиоан Фазлија – Гостивар
13. Ејуп Индзи – Скопје
14. Здравковска Милена – Скопје
15. Зенељи Џанѓул – Скопје
16. Ибрахими Ајше -Скопје
17. Исуфи Ардиан – Скопје
18. Јанев Мирче – Битола
19. Јанкулоска Марија – Скопје
20. Јованов Венко – Штип
21. Јованова Лазовиќ Емилија – Кочани
22. Кочовска Мимоза – Битола
23. Лефковски Тони – Скопје
24. Лутфије Ходаи – Тетово
25. Мајрами Бајрами – Скопје
26. Марковска Елена – Куманово
27. Мемети Шерифи Шукране – Липково
28. Митевска Пауновска Маја – Скопје
29. Младенова Весна – Свети Николе
30. Монева Мавров Делфина – Неготино
31. Наумовска Виолета – Гостивар
32. Николова Сашка – Скопје
33. Османовиќ Шабан – Скопје
34. Панов Димче – Велес
35. Патриков Илија – Струмица
36. Радојковиќ Викторија – Куманово
37. Сарк Елена - Куманово
38. Саќипи Ибадет – Тетово
39. Стојановска Жаклина – Велес
40. Сулејмани Зурија – Куманово
41. Ташева Сашка – Свети Николе
42. Теофиловска Гордана – Скопје
43. Теовски Бобан – Скопје
44. Трајковски Драган – Скопје
45. Тргачевски Марјан – Скопје
46. Ќаили Назлије – Скопје
47. Филипе Танкица – Струмица
48. Филиповска Соња – Скопје
49. Хаџи Арземине – Скопје
50. Цветановска Слаѓана – Куманово
51. Џејлане Трена – Скопје


facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like


# КЛУБ 4

**Клуб 4 – ниво 1**




Данаилов Влатко
Ибиши Сухеда
Петровиќ Надица
Сулејмани Фердезе
Стевчевски Христијан

# ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Др.Роза Гелевска | 1. Др.Роза Гелевска |
| 2. Др.Снежана Контра | 2. Елена Гелевска |
| 3. Славица Донакова | 3. Жарко Георгиевски |
| 4. Вера Златковска | 4. Вера Златковска |
| 5. Елена Гелевска | 5. Славица Донакова |
| 6. Жарко Георгиевски | 6. Др.Снежана Контра |
| 7. Блага Крстеска | 7. Стевица Димовска |
| 8. Катерина Трајчевска | 8. Др.Теута Ајети |
| 9. Слафко Михајловски | 9. Сухеда Ибиши |
| 10. Стевица Димовска | 10. Фердезе Сулејмани |

# КВАЛИФИКУВАНИ ЗА БИЗНИС ОБУКА И ВИКЕНД ВО АУРОРА (23-25 МАРТ)

1. Амити Линдита
2. Алиу Садете
3. Бајрами Рејхан
4. Георгиевски Жарко
5. Гелевска Елена
6. Гелевска Роза
7. Георгиев Дончо
8. Димовска Стевица
9. Донакова Славица
10. Златковска Вера
11. Ибуши Сухеда
12. Крстеска Блага
13. Контра Мирослав
14. Лефковска Марија
15. Малинова Зорка
16. Маџова Слаѓана
17. Нацева Катерина
18. Нацева Весна
19. Николиќ Гордана
20. Нусран Мегди
21. Пановска Оливера
22. Петковиќ Надица
23. Петровска Македонка
24. Пецова Славица
25. Попилиева Елизабета
26. Стојчевска Александра
27. Стојчевски Христијан
28. Сулејмани Бејтуле
29. Сулејмани Фердезе


**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826;
e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 и 02 2465826 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.